**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# НАЦРТ-ЗАКОН ЗА ИНСОЛВЕНТНОСТ

**-кратка информација-**

*Скопје, април 2021*

Предмет на кратката информација е содржината на Нацрт-законот за инсолвентност[1].

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

**Нацрт-законот е предвиден со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година[2].**

На 11.2.2021 година на ЕНЕР е објавено известување за почетокот на процесот за подготовка на Предлог-закон за инсолвентност, додека на 3.3.2021 се објавени нацрт-извештајот за проценка на влијанието на регулативата, како и Нацрт-законот за инсолвентност.

Со Нацрт-законот за инсолвентност ќе се овозможи заштита на инвеститорите и нивните бизниси, пофлексибилна и поедноставна постапка за малите бизниси, како и појаснување на условите за учество на доверителите во стечајните постапки. Исто така, се предвидуваат одредби за навремено преструктуирање на претпријатија со тешкотии со цел должникот да преговара за опциите за намирување на долгот со своите доверители.

Со Нацрт-законот за инсолвентност се врши усогласување со Директивата 2019/1023 на Европскиот парламент од 20.6.2019 година (за рамката за превентивно преструктуирање, за ослободување од долгот и дисквалификациите и за мерките за зголемување на ефикасноста на постапките во врска со преструктуирањето, инсолвентноста и ослободување од долгот) и со измените и дополнувањата на Директивата ЕУ2017/1132 (Директива за преструктуирање и инсолвентност).

Целта на донесувањето на Директивата 2019/1023 на Европскиот парламент од 20.6.2019 година е да придонесе за правилно функционирање на внатрешниот пазар и отстранување на пречките за остварување на основните слободи како што се слободното движење на капиталот и слободата на основање претпријатија, кои најчесто се јавуваат поради разликите меѓу националните закони и процедури кои го регулираат превентивното преструктурирање на задолженоста, несолвентноста, ослободување од задолженоста врз законска основа, трансформација на задолжувањето. Од тие причини со новиот Нацрт-закон за инсолвентност предвидено е да се изврши и усогласување на Директивата, со цел поедноставување и конкретизирање на одредени постапки.

---

[1] *Нацрт-закон за инсолвентност*. Министерство за економија. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=62558 (пристапено на 5.4.2021).

[2] Стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија. https://vlada.mk/strateshki-prioriteti (пристапено на 5.4.2021).

Поставената временската рамка за изготвување на овој Предлог-закон за инсолвентност е од 11.2.2021 година до 30.4.2021 година, а за истиот не е најавена јавна расправа.

Се очекува со новиот Предлог-закон за инсолвентност да се воспостави една конкретна законска рамка, каде сеопфатно и на исто место ќе биде уреден ефикасен систем на инсолвентност.

**Нацрт-законот е составен од 473 члена распоредени во 13 делови:** општи одредби; основни процесни одредби; постапка за превентивно преструктуирање; постапка за претстечајна реорганизација**;** стечајна постапка; стечајна маса, управување и располагање со имотот што влегува во стечајната маса; пријавување и утврдување на побарувањата на доверителите во стечајната постапка; одлука за начинот за располагање; план за реорганизација; лично управување од должникот; ослободување од останатите обврски; посебни видови на стечајна постапка; меѓународен стечај и преодни и завршни одредби.

Со законот се предвидува дека друштвата кои поднеле предлог за поведување на овие постапки за разрешување на инсолвентноста во рана фаза остануваат да управуваат со друштвата и да го водат бизнисот и да се надминат финансиските тешкотии.

Во отворената стечајна постапка, исто така, постои можност за реорганизација на стечајниот должник меѓутоа само по предлог на стечајниот управник и доверителот/лице со цел побарувањата на доверителите во стечајната постапка да се намират во повисок процент од оној кој би го добиле во споредба со впаричување на имотот. Спроведувањето на стечајната реорганизација исто така значи можност за спасување на бизнисот на стечајниот должник. Во стечајната постапка и понатаму се предвидува да настапат правните последици во полн капацитет со тоа што стечајниот управник го презема управувањето со стечајната постапка и имотот на стечајниот должник.

Законот за инсолвентност ќе апсолвира дел од Законот за вонсудско спогодување, кој ќе престане да важи со донесувањето на новиот Закон за инсолвентност. Исто така, овој закон посредно уредува области за текот на стечајни постапки од аспект на повеќе закони од сферата на финансиите. Со оглед на обемноста, имплементацијата на Директивата од 2017 и 2019 година, ставање акцент на преструктуирање на претпријатијата, се смета дека во моментов е најважно донесувањето на овој закон, а откако ќе започне да се применува и да се добиваат редовни, ажурирани податоци од стечајните одделенија во основните судови како и од стечајните управници и Централниот регистар, како следна фаза на уредување би бил личниот стечај.

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Одобрила: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

____________________

м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384